Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО, ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, 2019 година

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Законот за јавното обвинителство е донесен во 2007 година и со него се уредуваат надлежноста, основањето, укинувањето, организацијата и функционирањето на јавното обвинителство, основите и постапката за именување и разрешување на јавниот обвинител на Република Македонија, основите за престанок на функцијата јавен обвинител на Република Македонија, основите за избор и разрешување на јавните обвинители, основите за престанок на функцијата јавен обвинител, како и други прашања во врска со работата на јавното обвинителство.

Согласно законот, Јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични дела и на други со закон утврдени казниви дела и врши и други работи утврдени со закон. Функцијата на јавното обвинителство ја вршат јавниот обвинител на Република Македонија и јавните обвинители. Јавниот обвинител функцијата ја врши законито, непристрасно и објективно, ги почитува и заштитува слободите и правата на човекот и граѓанинот и правата на другите правни субјекти и во рамките на своите надлежности, во име на општеството се грижи за ефикасност на кривично-правниот систем. Јавниот обвинител во вршењето на функцијата обезбедува еднаквост на граѓаните пред законот, независно од полот, расата, бојата на кожа, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување и имотната и општествената положба. Никој не може да влијае врз самостојноста и непристрасноста на јавниот обвинител во вршењето на функцијата. Јавното обвинителство се организира според принципите на хиерархија и субординација, согласно со закон.

Во 2010 година донесен е нов Закон за кривичната постапка кој што започна да се применува од декември 2013 година. Со него суштински се измениja и зголемија овластувањата на јавното обвинителство особено во претходната постапка, но и во текот на другите фази од кривичната постапка. Сепак, се уште не е донесен нов Закон за јавното обвинителство. Од ова произлегува дека јавното обвинителство функционира врз основа на неусогласени материјални и организациски прописи.

Причините за донесување на нов закон, покрај усогласувањето со Законот за кривичната постапка се за да се имплементираат и мерките предвидени во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор, но и да се спроведат Препораките на ГРЕКО.

Во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор за јавното обвинителство, меѓу другото, дадени се следниве констатации:

„Неформирањето на истражните центри во јавното обвинителство, коишто треба да бидат алатка на јавниот обвинител во преземањето на потребните дејства во претходната постапка и да претставуваат начин за институционализирање на соработката меѓу обвинителите и полицијата е сериозно констатиран проблем.

Постои електронски систем за управување со предметите кој не овозможува електронска распределба со запазувањето на принципот на неизвесност. За системот за управување со предметите потребно е негова доследна примена и поголема ангажираност и волја од страна на јавните обвинители и јавнообвинителската служба, како и надополнување на техничките ресурси. Неговото реално ставање во употреба како и воведувањето на електронски систем за распределба ќе придонесе институционализирање на принципот на функционална (лична, процесна) независност на обвинителот. Се забележува висок степен на недоопременост со компјутери, скенери, сервери, принтери, а мрежите се наоѓаат во особено критична состојба.

Констатирано е отсуството на капацитети за стратешко планирање, буџетско и финансиско управување.

Посебен проблем претставува просторната неиздвоеност на јавните обвинителства од судовите. За таа цел потребно е креирање на просторни услови за успешно изрвршување на работата на обвинителствата.

Според Извештајот на CEPEJ постои пониска стапка на необвинителски кадар по обвинител (1,0) во споредба со европскиот просек од 1,6.

Системот за оценување на обвинителството се одвива на тој начин што хиерарски надредениот обвинител ги оценува подредените обвинители. Критериумите за оценување на јавните обвинители претставуваат дел од подзаконските акти на Советот на јавни обвинители на Република Македонија, каде што акцентот е ставен врз квантитативни, а не врз квалитативни параметри.

Оттука потребно е да се раздвои системот за индивидуално оценување на обвинителите од системот за оценување на работата на обвинителството како институција, и да се регулира постапката за утврдување на дисциплинска повреда и на нестручно и несовесно вршење на функцијата на јавниот обвинител со Законот за јавно обвинителство.

За правилно функционирање на Јавното обвинителство потребно е да се воспостави меѓуинституционална оперативна соработка и синхронизација со органите на прогон, судовите, пенитенцијарните установи и адвокатската комора.

Организацијата на Јавното обвинителство ќе ја следи судската организациона поставеност во државата.

Недоволните активности во кривичните истраги на јавното обвинителство во целина, а особено на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција во случаи со висок политички предзнак, поради инволвираност на носители на високи политички функции во државата, придонесе за формирање на посебно обвинителство – Јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите (СЈО).“

Во Извештајот на ГРЕКО за четвртиот круг на евалуација на Република Македонија, за јавните обвинители се дадени следниве препораки кои се имплементираат во Предлогот на законот кој ќе биде донесен:

„xiv) да се воспостави сет на јасни стандарди/кодекс на професионално однесување, придружен со објаснувачки коментари и/или практични примери, кои ќе се применуваат на сите обвинители (точка 215);

xv) да се развијат правила и стандарди за обвинителите во однос на прифаќањето на подароци, гостољубивоста и други предности и да се врши соодветен надзор над примената на овие правила (точка 224);

xvi) да се ревидира дисциплинскиот режим кој се применува за обвинителите со цел (1) јасно да се дефинираат повредите и (2) да се прошири опсегот на санкциите со цел да се постигне поголема пропорционалност а особено да се обезбеди да разрешувањето на обвинителите биде возможно само за најсериозните случаи на повреди (точка 242);“

При изготвувањето на законот беа разгледувани и мислењата на Консултативниот совет на европски судии во рамките на Советот на Европа, и тоа:

- Мислење број 1 (2007) за "Начини за подобрување на меѓународната соработка во областа на кривичната правда"
- Мислење бр. 2 (2008) за "Алтернативи на гонење"
- Мислење бр.3 (2008) за "Улогата на обвинителските служби надвор од областа на кривичното право"
- Мислење бр. 4 (2009) за односите меѓу судиите и обвинителите во едно демократско општество
- Мислење бр. 5 (2010) за "Улогата на јавното обвинителство и малолетничката правда"
- Мислење број 6 (2011) за "Односот помеѓу обвинителите и затворската администрација"
- Мислење бр. 7 (2012) за "Управување со средствата на обвинителските служби"
- Мислење бр. 8 (2013) за "Односите меѓу обвинителите и медиумите"
- Мислење бр. 9 (2014) за "Европски норми и принципи во врска со обвинителите"
- Мислење бр. 10 (2015) за "Улогата на обвинителите во кривичните истраги"
- Мислење бр. 11 (2016) за квалитетот и ефикасноста на работата на обвинителите, вклучително и во борбата против тероризмот и сериозниот и организираниот криминал
- Мислење бр. 12 (2017) за улогата на обвинителите во однос на правата на жртвите и сведоците во кривичната постапка
- Мислење бр. 13 (2018) за независност, отчетност и етика на обвинителите

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Главна цел на донесувањето на овој закон е со него да се зајакне професионалноста, но и одговорноста на јавните обвинители., Исто така, најзначајниот дел од законот се однесува на инкорпорирање на Специјалното јавно обвинителство во системот на јавното обвинителство, согласно Стратегијата за реформа на правосудниот сектор.

Предлогот на законот се заснова врз начелата на законитост, хиерархија и субординација, транспарентност, професионалност и ефикасност во вршењето на работата и одговорност.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Законот ќе предизвика дополнителни фискални импликации кои се презентирани во формуларот за фискални импликации.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Дополнителните фискални импликации во најголемиот дел се однесуваат за истражните центри во јавните обвинителства и за зајакнување на човечките ресурси во овој орган, како и за негово материјално-техничко опремување.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Се предлага овој закон да биде донесен по скратена постапка.

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО

### 1. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат основањето, надлежноста, организацијата, функционирањето и укинувањето на јавното обвинителство, основите и постапката за именување и разрешување на јавниот обвинител на Република Северна Македонија, основите за престанок на функцијата јавен обвинител на Република Северна Македонија, основите за избор, разрешување и дисциплинска постапка на јавните обвинители, основите за престанок на функцијата јавен обвинител, како и други прашања во врска со работата на јавното обвинителство.

Член 2

Јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични дела и на други со закон утврдени казниви дела и врши и други работи утврдени со закон.

Член 3

Јавното обвинителство се организира според принципите на хиерархија и субординација.

Јавното обвинителство е самостоен државен орган кој не е дел од извршната власт.

Член 4

Јавното обвинителство ги врши своите функции врз основа на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот.

Член 5

Функцијата на јавното обвинителство ја вршат јавниот обвинител на Република Северна Македонија и јавните обвинители.

Член 6

Функцијата јавен обвинител е неспојлива со вршење на друга јавна функција или професија или со членување во политичка партија и учество во активности на политичка партија.

Член 7

(1) Јавниот обвинител функцијата ја врши законито, непристрасно и објективно, ги почитува и заштитува слободите и правата на човекот и граѓанинот и правата на другите правни субјекти и во рамките на своите надлежности, се грижи за ефикасноста на кривичното гонење.

(2) Јавниот обвинител во вршењето на функцијата обезбедува еднаквост на граѓаните пред законот.

(3) Никој не може да влијае врз законитото, непристрасното и објективното вршење на функцијата на јавното обвинителство.

Член 8

(1) Јавното обвинителство почитувајќи го принципот на презумпцијата на невиност ја информира јавноста за одделни случаи по кои постапува, а кои предизвикуваат поширок интерес во јавноста или се од значење за остварување на неговата функција.

(2) Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, вишиот јавен обвинител, јавниот обвинител на Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, јавниот обвинител на Специјалното јавно обвинителство и основниот јавен обвинител или од нив овластени лица, на јавноста и на средствата за јавно информирање, им обезбедуваат пристап до информациите за состојбата на криминалитетот и други прашања од општо значење од работењето на јавното обвинителство, под услови утврдени со закон.

(3) Јавниот обвинител на Република Северна Македонија доколку смета дека одредени податоци објавени во медиумите ги кршат уставните права на презумпција на невиност, принципот на самостојност на јавното обвинителство или работењето на јавното обвинителство врз основа на Уставот и закон, може да се обрати на јавноста и да укаже дека се повредени наведените принципи.

(4) Јавниот обвинител на Република Северна Македонија или лице овластено од него може да дозволи увид во уписници и списи на јавното обвинителство кои се архивирани, на лице на кое тие податоци му се потребни во вршењето на научно-истражувачка работа. Увидот во архивирани уписници и списи кои содржат класифицирани информации, се врши во согласност со закон.

Член 9

(1) Јавното обвинителство има печат во кој е содржан грбот и името Република Северна Македонија, називот на јавното обвинителство и неговото седиште.

(2) На објектот во кој е сместено јавното обвинителство се истакнуваат знамето на Република Северна Македонија, грбот и името Република Северна Македонија, називот на јавното обвинителство и седиштето на јавното обвинителство.

## 2. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО

Член 10

Јавното обвинителство е организирано како Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, виши јавни обвинителства и основни јавни обвинителства, Јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и Специјално јавно обвинителство.

Член 11

(1) Јавно обвинителство се основа за подрачје на суд од соодветен степен, пред кој е надлежно да постапува.

(2) Јавното обвинителство на Република Северна Македонија се основа за целата територија на Република Северна Македонија со седиште во Скопје.

(3) Вишо јавно обвинителство се основа за подрачје на апелационен суд.

(4) Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и Специјалното јавно обвинителство се основаат за целата територија на Република Северна Македонија.

(5) Основно јавно обвинителство се основа за подрачје на еден или повеќе основни судови.

Член 12

Во Република Северна Македонија се основаат следниве основни јавни обвинителства:

1.Основно јавно обвинителство во Берово за подрачјето на Основниот суд во Берово;

2.Основно јавно обвинителство во Битола за подрачјето на Основниот суд во Битола;

3.Основно јавно обвинителство во Велес за подрачјето на Основниот суд во Велес;

4.Основно јавно обвинителство во Гевгелија за подрачјето на Основниот суд во Гевгелија;

5.Основно јавно обвинителство во Гостивар за подрачјето на Основниот суд во Гостивар;

6.Основно јавно обвинителство во Дебар за подрачјето на Основниот суд во Дебар;

7.Основно јавно обвинителство во Делчево за подрачјето на Основниот суд во Делчево;

8.Основно јавно обвинителство во Кавадарци за подрачјата на основните судови во Кавадарци и Неготино;

9.Основно јавно обвинителство во Кичево за подрачјето на Основниот суд во Кичево;

10.Основно јавно обвинителство во Крива Паланка за подрачјето на Основниот суд во Крива Паланка;

11.Основно јавно обвинителство во Кочани за подрачјата на основните судови во Кочани и Виница;
12.Основно јавно обвинителство во Куманово за подрачјата на основните судови во Куманово и Кратово;
13.Основно јавно обвинителство во Охрид за подрачјето на Основниот суд во Охрид;
14.Основно јавно обвинителство во Прилеп за подрачјата на основните судови во Прилеп и Крушево;
15.Основно јавно обвинителство во Радовиш за подрачјето на Основниот суд во Радовиш;
16.Основно јавно обвинителство во Ресен за подрачјето на Основниот суд во Ресен;
17.Основно јавно обвинителство во Свети Николе за подрачјето на Основниот суд во Свети Николе;
18.Основно јавно обвинителство во Скопје за подрачјето на Основниот суд Скопје I Скопје;
19.Основно јавно обвинителство во Струга за подрачјето на Основниот суд во Струга;
20.Основно јавно обвинителство во Струмица за подрачјето на Основниот суд во Струмица;
21.Основно јавно обвинителство во Тетово за подрачјето на Основниот суд во Тетово и
22.Основно јавно обвинителство во Штип за подрачјето на Основниот суд во Штип.

Член 13

Во Република Северна Македонија се основаат следниве виши јавни обвинителства:
1.Вишо јавно обвинителство во Битола за подрачјето на Апелациониот суд во Битола;
2.Вишо јавно обвинителство во Гостивар за подрачјето на Апелациониот суд во Гостивар;
3.Вишо јавно обвинителство во Скопје за подрачјето на Апелациониот суд во Скопје и
4.Вишо јавно обвинителство во Штип за подрачјето на Апелациониот суд во Штип.

Член 14

(1) Во Република Северна Македонија се основаат Јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и Специјално јавно обвинителство со седиште во Скопје.

(2) Во Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција се формира специјализирано одделение за гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција. Специјализираното одделение има стручна служба и јавнообвинителски истражители од истражниот центар согласно овој закон. Јавните обвинители и раководителот на специјализираното одделение ги распоредува јавниот

обвинител на Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, од редот на јавните обвинители од тоа обвинителство, по претходно добиена согласност од јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

Член 15

(1) Во јавно обвинителство со поголем обем на истородни предмети, заради подобра ефикасност и специјализација во работењето на јавното обвинителство, може да се формираат одделенија како внатрешни организациони единици. Со работата на одделението раководи јавен обвинител определен според годишниот распоред за работа на јавното обвинителство врз основа на потесна специјализација и стручност на јавниот обвинител кој се поставува за раководител на одделението.

(2) За подрачјата на судовите кои имаат одделенија за правда на децата во основните јавни обвинителства се формираат и одделенија за правда на децата.

Член 16

(1) Под услови определени со закон во Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и во Специјалното јавно обвинителство се формира истражен центар.

(2) Под услови определени со закон во основните јавни обвинителства, што постапуваат пред судови со проширена надлежност се формира истражен центар или одделение за истраги.

## 3. СТРУЧЕН КОЛЕГИУМ

Член 17

(1) Стручниот колегиум (во натамошниот текст: „колегиум“) е постојано стручно и советодавно тело во остварување на функцијата на јавниот обвинител во јавните обвинителства со најмалку три јавни обвинители.

(2) Колегиумот го сочинуваат јавниот обвинител на јавното обвинителство и јавните обвинители во јавното обвинителство.

(3) Колегиумот работи на седници.

Член 18

Колегиумот може полноважно да расправа и да дава предлози, мислења, забелешки и сугестии по одредени прашања ако бидат присутни повеќе од половината од вкупниот број на јавни обвинители.

Член 19

(1) Колегиумот расправа и дава предлози, мислења, забелешки и сугестии на јавниот обвинител за:

- програмата за работа, годишниот план за работа и распоредот на работата на јавните обвинители,
- конкретни правни прашања што се наметнале во текот на работењето, мислења по нацрт или предлог на закон или друг пропис,
- планот и методот за прегледот на работата на јавните обвинителства,
- начелни ставови по прашања за единствена примена на законите и другите прописи,
- политиката на гонење и казнување,
- прашањата од проучувањето на општествените појави од интерес за остварување на функцијата на јавниот обвинител,
- предмети по кои јавното обвинителство поведува постапка пред Уставниот суд на Република Северна Македонија,
- организациски и други прашања во остварување на јавнообвинителската функција,
- давање мислење за кандидатите за јавни обвинители, по барање на јавниот обвинител на Република Северна Македонија, и
- други работи утврдени со закон.

(2) Колегиумот избира член на комисија за утврдување на одговорност на јавниот обвинител во вршење на јавнообвинителскта функција,

(3) Колегиумот не може да донесува задолжителни упатства и насоки за постапување по конкретни предмети.

Член 20

Колегиум на јавното обвинителство на Република Северна Македонија одлучува за изземањето на јавниот обвинител на Република Северна Македонија во случаи определени со закон.

Член 21

(1) Јавното обвинителство на Република Северна Македонија по потреба одржува колегиум во проширен состав со виши јавни обвинители, јавниот обвинител на Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, јавниот обвинител на Специјалното јавно обвинителство и јавен обвинител на основно јавно обвинителство, за прашања поврзани со остварување на јавнообвинителската функција и други прашања од надлежност на јавното обвинителство.

(2) Вишите јавни обвинителства по потреба одржуваат колегиум во проширен состав со одделни јавни обвинители од основните јавни обвинителства, доколку се расправа за прашања поврзани со остварување на нивната јавно обвинителска функција.

(3) Кога колегиумот расправа за стручни прашања на седницата, може да присуствуваат јавнообвинителски советници и соработници.

Член 22

Предлозите, мислењата, забелешките и сугестиите на колегиумот ќе се сметаат за усвоени ако се прифатени од мнозинството од јавните обвинители во тоа јавно обвинителство и од јавниот обвинител на тоа јавно обвинителство.

## 4.ВРШЕЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА НА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО

Член 23

(1) Функцијата на јавното обвинителство во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија ја врши јавниот обвинител на Република Северна Македонија и јавните обвинители во тоа обвинителство.

(2) Функцијата на јавното обвинителство во вишото јавно обвинителство ја врши виш јавен обвинител на вишото јавно обвинителство и јавни обвинители во тоа обвинителство.

(3) Функцијата на јавното обвинителство во Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција ја врши јавен обвинител на јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и јавни обвинители во тоа обвинителство.

(4) Функцијата на јавното обвинителство во Специјалното јавно обвинителство ја врши јавниот обвинител на Специјалното јавно обвинителство и јавни обвинители во тоа обвинителство.

(5) Функцијата на јавното обвинителство во основното јавно обвинителство ја врши основен јавен обвинител на основното јавно обвинителство и јавни обвинители во тоа обвинителство.

(6) Јавниот обвинител на Република Северна Македонија на барање на јавниот обвинител на Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција или на јавниот обвинител на Специјалното јавно обвинителство, може да овласти јавен обвинител во основно јавно обвинителство да презема определени дејствија заради побрзо и поефикасно извршување на дејствијата.

Член 24

(1) Јавно обвинителство се основа и укинува со овој закон.
(2) Во случај на укинување на јавно обвинителство, Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија ќе го распореди јавниот обвинител од тоа јавно обвинителство во друго јавно обвинителство од ист или понизок степен.

Член 25

(1) Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, виш јавен обвинител на вишо јавно обвинителство, јавниот обвинител на Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, јавниот

обвинител на Специјалното јавно обвинителство и основен јавен обвинител на основно јавно обвинителство ги претставуваат јавните обвинителства, раководат со нивната работа, ги вршат правата и обврските определени со закон и донесуваат годишен распоред за работа на почетокот на секоја календарска година.

(2) Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, виш јавен обвинител на вишо јавно обвинителство, јавниот обвинител на Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, јавниот обвинител на Специјалното јавно обвинителство и основен јавен обвинител на основно јавно обвинителство за време на нивно отсуство ги заменува јавен обвинител од тоа обвинителство, што тие ќе го определат со годишниот распоред за работа.

(3) Ако на јавниот обвинител на јавното обвинителство му е истечен мандатот, му престанала функцијата или е разрешен, Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија со одлука донесена од мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот, определува јавен обвинител од редот на јавните обвинители, кој ќе ја врши должноста до изборот на јавен обвинител во тоа јавно обвинителство, а ги исполнува условите за јавен обвинител на тоа обвинителство, но не подолго од шест месеци.

(4) Ако на јавниот обвинител на Специјалното јавно обвинителство му е истечен мандатот, му престанала функцијата или е разрешен, Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија со одлука донесена од мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот, определува јавен обвинител од редот на јавните обвинители во Специјалното јавно обвинителство, кој ќе ја врши должноста до изборот на јавниот обвинител на Специјалното јавно обвинителство, но не подолго од шест месеци.

(5) Ако на јавниот обвинител на Република Северна Македонија му престане функцијата или е разрешен од функција, Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија од редот на јавните обвинители во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија определува јавен обвинител што ќе ја врши функцијата до именувањето на јавен обвинител на Република Северна Македонија, но не подолго од шест месеци.

Член 26

(1) Поради зголемен обем на работа или поради намалување на заостаток од нерешени предмети, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија може времено да упати јавен обвинител во друго јавно обвинителство најмногу за период до една година.

(2) Јавниот обвинител кој е упатен во друго јавно обвинителство има право на жалба на решението за упатување до Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија. Одлуката на Советот на јавни обвинители е конечна.

(3) Јавниот обвинител не може да биде упатен во друго јавно обвинителство без негова согласност повеќе од еднаш во пет години.

(4) При времено упатување на јавниот обвинител во друго јавно обвинителство, висината на платата не може да му биде намалена.

Член 27

(1) Јавниот обвинител на Република Северна Македонија е одговорен за општите состојби во врска со организирањето и извршувањето на функциите на јавното обвинителство и за својата работа и за работата на јавното обвинителство одговара пред Собранието на Република Северна Македонија.

(2) Јавните обвинители во јавното обвинителство на Република Северна Македонија за својата работа одговараат пред јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

(3) Вишиот јавен обвинител за својата работа одговара пред јавниот обвинител на Република Северна Македонија, а јавните обвинители во вишо јавно обвинителство за својата работа одговараат пред вишиот јавен обвинител.

(4) Јавниот обвинител на јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција за својата работа одговара пред јавниот обвинител на Република Северна Македонија, а јавните обвинители во јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција за својата работа одговараат пред јавниот обвинител на тоа јавно обвинителство.

(5) Јавниот обвинител на Специјалното јавно обвинителство за својата работа одговара пред јавниот обвинител на Република Северна Македонија, а јавните обвинители во Специјалното јавно обвинителство за својата работа одговараат пред јавниот обвинител на Специјалното јавно обвинителство.

(6) Основниот јавен обвинител за својата работа одговара пред вишиот јавен обвинител и јавниот обвинител на Република Северна Македонија, а јавните обвинители во основно јавно обвинителство за својата работа одговараат пред основниот јавен обвинител.

Член 28

(1) Надзор над законитото и навремено извршување на јавнообвинителската функција на пониските јавни обвинителства врши повисокото јавно обвинителство.

(2) Надзор над законитото и навременото извршување на јавнообвинителската функција на јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција врши вишиот јавен обвинител на вишото јавно обвинителство Скопје и јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

(3) Надзор над законитото и навременото извршување на јавнообвинителската функција на Специјалното јавно обвинителство врши Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, при што надзорот не смее да ја загрозува автономијата на Специјалното јавно обвинителство.

(4) Надзорот над управното работење над јавното обвинителство го врши јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

(5) Начинот на вршење на надзорот од ставовите (1) и (4) на овој член се утврдува со правилник кој го донесува Јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

(6) Прописите за внатрешното работење на јавните обвинителства ги донесува јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

## 5. ПРЕЗЕМАЊЕ НА КРИВИЧНО ГОНЕЊЕ

### Член 29

(1) Јавниот обвинител на Република Северна Македонија одлучува во случај на судир на надлежност меѓу две или повеќе јавни обвинителства.

(2) Јавниот обвинител на Република Северна Македонија може да го преземе кривичното гонење и вршењето на одделни работи за кои е надлежен виш јавен обвинител, јавен обвинител за гонење организиран криминал и корупција или основен јавен обвинител или да ги овласти да водат постапка по одделни предмети или да вршат определени работи од надлежност на друг јавен обвинител.

(3) Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, без согласност на јавниот обвинител на Специјалното јавно обвинителство, не може да преземе кривично гонење или вршење на одделни работи за кои е надлежно Специјалното јавно обвинителство, или да овласти друго јавно обвинителство да води постапка по одделни предмети или да врши определени работи од надлежност на јавниот обвинител на Специјалното јавно обвинителство, освен ако при надзорот од член 28 ставот (3) од овој закон се утврди дека јавнообвинителската функција не се врши согласно роковите утврдени во Законот за кривична постапка.

(4) Виш јавен обвинител може да го преземе кривичното гонење и вршењето на одделни работи за кои е надлежен јавен обвинител во основно јавно обвинителство од подрачјето на тоа вишо јавно обвинителство или да овласти јавен обвинител во основно јавно обвинителство од подрачјето на тоа вишо јавно обвинителство да води постапка по одделни предмети или да врши определени работи од надлежност на друг основен јавен обвинител од подрачјето на тоа вишо јавно обвинителство.

(5) Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, односно вишиот јавен обвинител за дејствијата од ставовите (2), (3) и (4) од овој член донесуваат писмена одлука која содржи образложение за преземените дејствија.

## 6. НАДЛЕЖНОСТ НА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО

### Член 30

(1) Јавното обвинителство постапува во границите на својата стварна и месна надлежност, ако со закон поинаку не е определено.

(2) Основното јавно обвинителство постапува пред основен суд.

(3) Вишото јавно обвинителство постапува пред апелационен суд.

(4) Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција постапува пред специјализираното судско одделение надлежно за судење на дела од обласа на организираниот криминал и корупција, во Кривичниот суд Скопје.

(5) Специјалното јавно обвинителство постапува пред надлежните судови во прв и втор степен.

(6) Јавниот обвинител на Република Северна Македонија одлучува по жалба на оштетениот поднесена против решението за отфрлање на кривичната пријава на јавниот обвинител на Специјалното јавно обвинителство и по приговор на оштетениот против наредба за запирање на истражна постапка.

(7) Јавното обвинителство на Република Северна Македонија постапува пред Врховниот суд на Република Северна Македонија.

(8) Јавното обвинителство постапува и пред други органи и други правни лица на своето подрачје кога за тоа е овластено со закон.

Член 31

(1) Во остварувањето на функцијата на гонење на сторителите на кривични дела и прекршоци, јавниот обвинител:
-ја раководи предистражната постапка и на располагање ги има службените лица од правосудната полиција;
-дава предлог до судијата на претходна постапка за примена на посебни истражни мерки согласно Законот за кривична постапка;
-издава наредби за примена на посебни истражни мерки согласно Законот за кривична постапка;
-може сам да го преземе секое дејствие потребно за откривање на
кривичното дело и откривање и гонење на неговиот сторител за кое со закон е овластено Министерството за внатрешни работи, Финансиската полиција и Царинската управа,
- врши увид во банкарски сметки.
-донесува наредба и спроведува истражна постапка;
-предлага привремени мерки заради обезбедување на имот или предмети прибавени со кривично дело или заради извршување на мерката конфискација
-дава наредба за спроведување на вештачење;
-одлучува за одлагање на кривично гонење под услови и во постапка определени со закон;
-предлага издавање на казнен налог под услови определени со закон;
-преговара и се спогодува со обвинетиот под услови и во постапка определени со закон;
-поднесува и застапува обвиненија пред судовите;
-поднесува жалби против неправосилни судски одлуки и вонредни правни лекови против правосилни судски одлуки;
-одлучува по жалби на оштетениот под услови и во постапка утврдени со закон;
-постапува во постапка за меѓународна правна соработка во кривични предмети согласно овластувања утврдени со закон

-врши и други дејствија определени со закон за ефикасно функционирање на кривично-правниот систем и спречување на криминалот.
- врши работи согласно Законот за прекршоците.

(2) Јавниот обвинител поведува посебни постапки и учествува во нив согласно членот 60 од овој закон, кога тоа е утврдено со закон.

Член 32

Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција е надлежно да постапува:
-за кривични дела извршени од организирана група од три или повеќе лица, која постои одреден временски период и дејствува со цел да изврши едно или повеќе кривични дела за кои е предвидена казна затвор од најмалку четири години, со намера директно или индиректно да стекне финансиска или друга корист, освен за делата од надлежност на Специјалното јавно обвинителство, независно од бројот на сторителите, согласно членот 34 од овој закон,
-за кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција согласно член 33 став (1) од овој закон,
-за кривични дела Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни судпстанци и прекурсори од члн 215, став (3) кога се работи за меѓународна организирана група, Измама на штета на средства на Европската заедница од член 249-а, Злоупотреба на службената положба и овластување од член 353 став (5), Проневера во службата од член 354 став (3), Примање поткуп од член 357 ставови (4) и (5), Давање награда за противзаконито влијание од член 358-а, Примање награда за противзаконито влијание од член 359, Противправно стекнување и прикривање имот од член 359-а, од Кривичниот законик, кога сторители се службени или одговорни лица во државни органи, органи и организации што вршат определени стручни, управни и други работи во рамките на правата и должностите на Републиката и единиците на локалната самоуправа, јавни претпријатија и установи и политички партии, освен за делата од надлежност на Специјалното јавно обвинителство, независно од бројот на сторителите, согласно членот 34 од овој закон,
-за кривични дела Перење пари и други приноси од казниво дело од член 273, Попречување на правда од член 368-а, од Кривичниот законик, доколку делото е сторено во кривична постапка за кривични дела од надлежност на јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, освен за делата од надлежност на Специјалното јавно обвинителство, независно од бројот на сторителите, согласно членот 34 од овој закон,
-за кривично дело Злосторничко здружување од член 394 од Кривичниот законик за вршење на кривични дела од надлежност на јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција,
-за кривични дела Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од член 313, Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации од член 322-а, Здружување заради непријателска дејност од член 324, Терористичка организација од член 394-а, Тероризам од член 394-б, Финансирање на тероризам од член 394-в, сите кривични дела против државата, Трговија со луѓе

од член 418-а, Трговија со дете од член 418-г, за другите кривични дела против човечноста и меѓународното право, од глава триесет и четврта, од Кривичниот Законик, освен за делата од надлежност на Специјалното јавно обвинителство, независно од бројот на сторителите, согласно членот 34 од овој закон.

Член 33

(1) Специјализираното одделение за гонење на кривични дела извршени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција е надлежно да постапува:

- за кривични дела извршени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција при вршење на службени должности и овластувања,
- кривични дела извршени надвор од службата со употреба на сериозна закана, сила или средства за присилба што за последица има смрт, тешка телесна повреда, телесна повреда, противправно лишување од слобода, мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување доколку со закон е предвидено кривично гонење по службена должност.

(2) Под лице со полициски овластувања во смисла на став (1) од овој член се подразбира полициски службеник, овластено службено лице за безбедност и контраразузнавање со полициски овластувања, припадници на финансиска полиција и шумска полиција, со закон овластени лица на Царинската управа кои работат на откривање на кривични дела и овластени службени лица на Министерство за одбрана кои работат на откривање и истражување на кривични дела.

(3) Јавниот обвинител во Специјализираното одделение за гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција, надвор од случаите предвидени во ставот (1) на овој член, по службена должност покренува постапка за оценување на основаноста за употреба на огнено оружје, како и употреба на сила или средства за присилба што има за последица смрт или тешка телесна повреда од лицата од ставот (2) на овој член.

(4) За случаите од ставот (3) на овој член, јавниот обвинител го известува раководителот на Специјализираното одделение.

(5) Организационата единица во Министерството за внатрешни работи надлежна за вршење внатрешна контрола и професионални стандарди и другите надлежни органи преземаат дејствија заради иницирање на дисциплинска постапка во врска со делата од ставот (1) од овој член, по одобрение на надлежниот јавен обвинител од Специјализираното одделение за гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција, согласно ставот (2) на овој член.

(6) Јавниот обвинител во Специјализираното одделение за гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција раководи со претходната постапка и дејствијата ги презема самостојно или преку јавнообвинителските истражители.

Член 34

Специјалното јавно обвинителство е надлежно да постапува:

- за кривичните дела кои се поврзани и кои произлегуваат од неовластеното следење на комуникациите за периодот од 2008 до 2015 година за кои се-поднесени обвиненија или отворени истраги, како и за превземените предмети за кои е воспоставена надлежност согласно Законот за јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите,

- за кривични дела против изборите и гласањето од Глава шеснаесетта на Кривичниот законик,

- за кривични дела Перење пари и други приноси од казниво дело од член 273, Злоупотреба на службената положба и овластување од член 353 став (5), Проневера во службата од член 354 став (3), Измама во службата од член 355 став (3), Примање поткуп од член 357 став (5), Примање награда за противзаконито влијание од 359 став (7), Противправно стекнување и прикривање имот од член 359-а став (3), Измама при работењето со хартии од вредност и удели од член 275, Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство од член 275-в, Спречување, ограничување или нарушување на конкуренција од член 283 и Злоупотреба на овластување во стопанството од член 287, од Кривичниот законик, извршени од избрани или именувани функционери во државни органи или единици на локалната самоуправа и одговорни лица во политички партии

-за кривични дела Давање на лажен исказ од член 367 ставовите (3) и (4), Спречување на докажување 368, Попречување на правдата од член 368 –а, Откривање на идентитет на загрозен или заштитен сведок, соработник на правда или жртва која се јавува во својство на сведок од член 369-а, Присилба спрема правосуден работник од член 375, Спречување на службено лице во вршење службено дејствие од член 382 од Кривичниот законик, ако овие дела се сторени во врска со постапки кои ги води Специјалното јавно обвинителство.

Член 35

Јавното обвинителство се грижи за законитоста на мерките и дејствијата преземени во предистражната постапка и врши надзор над почитувањето на човековите права од страна на овластените службени лица од член 33 ставот (2) од овој закон.

## 7. ОЦЕНУВАЊЕ НА РАБОТАТА НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ

Член 36

(1) Следењето на работата на јавен обвинител се врши преку редовно и вонредно оценување.

(2) Редовното оценување на работата на јавните обвинители се врши за период од четири извештајни години, заклучно со крајот на јуни во тековната година, за работата на јавниот обвинител во претходните четири години.

(3) Доколку јавниот обвинител бил отсутен повеќе од 2/3 од времето за кое треба да биде оценет, нема да се оценува за тој период. Периодот на оценување започнува да тече од почеток по враќањето на работа на јавниот обвинител.

(4) Вонредното оценување на работењето на јавен обвинител се врши во случај кога јавниот обвинител конкурира за избор во повисоко јавно обвинителство, за јавен обвинител на јавно обвинителство или за член на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија.

(5) Ако јавниот обвинител конкурира за избор во повисоко јавно обвинителство или за јавен обвинител на јавно обвинителство, во тековната година за претходната година за која е веќе оценет преку редовното оценување, во тој случај не се врши негово вонредно оценување.

(6) Оценка на работата на јавните обвинители во Јавното обвинителство во Република Северна Македонија, вишите јавни обвинители на вишите јавни обвинителства, јавниот обвинител на Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и на јавниот обвинител на Специјалното јавно обвинителство дава јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

(7) Оценка на работата на јавните обвинители во вишите јавни обвинителства и на основните јавни обвинители на основните јавни обвинителства дава вишиот јавен обвинител на тоа обвинителство.

(8) Оценка на работата на јавните обвинители во Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција дава јавниот обвинител на тоа обвинителство.

(9) Оценка на работата на јавните обвинители во Специјалното јавно обвинителство дава јавниот обвинител на тоа обвинителство.

(10) Оценка за работата на јавните обвинители во основните јавни обвинителства дава вишиот јавен обвинител по претходно добиено мислење на јавниот обвинител на тоа обвинителство.

(11) Оцената за работата на јавниот обвинител може да биде позитивна или негативна.

## 8. КРИТЕРИУМИ ЗА ОЦЕНА

Член 37

Критериуми за оцена на работа на јавните обвинители се:

- стручност и квалитет во одлуките, правните лекови и други писмена,
- ажурност и ефикасност,
- непристрасност и совесност,
- углед и етичност достојни за функцијата,
- соработка и однос спрема странките и другите вработени во обвинителството,
- способност и спремност за стручно усовршување и стекнување со нови знаења,
- организаторски способности.

Член 38

Стручност и квалитет во одлуките, правните лекови и друга писмена значи правилна примена на Уставот и законите на Република Северна Македонија, меѓународни договори ратификуванит согласно Уставот, практиката на Европскиот суд за човекови права и други прописи, правилен однос кон донесувањето и изготвувањето на јавнообвинителските одлуки, нивното застапување, говорничка умешност и вештина и способност за правно аргументирање и резонирање во постапката пред надлежните судови, некоментирање предмети во јавност и чување како тајна она што јавниот обвинител го дознава во вршењето на функцијата.

Член 39

Ажурност и ефикасност во работењето значи во законски утврдени рокови постапување и одлучување по кривични пријави, ефикасно спроведување на претходната постапка, застапување на обвинение, присуство на седници пред судот и почитување на законските рокови за поднесување на редовни правни лекови.

Член 40

(1)Совесно работење значи работење согласно законите и почитување на задолжителните општи упатства, како и почитувањето на роковите.

(2)Непристрасност значи неселективен пристап во примена на прописите за забрана на дискриминација, објективност и личен интегритет неподлежен на било каков вид влијание и притисоци кои би можеле да влијаат на решавање на предметот и одбивање подароци и донации од оние кои би можеле да влијаат на решавање на предметот или одржување односи на соработка со такви лица.

Член 41

Углед и етичност достојни за функцијата, значи достоинственост и авторитет во средината каде јавниот обвинител работи и живее и придржување кон Етичкиот кодекс на јавните обвинители во Република Северна Македонија.

Член 42

Соработка и однос спрема странките и другите вработени во обвинителството значи професионален, прецизен и достоинствен однос кон учесниците во постапката, во односите во јавното обвинителство и односите со сите останати органи и организации со кои, согласно законите, јавниот обвинител е овластен да комуницира и соработува и да го поддржуваат стручното усовршување и професионалното напредување на колегите.

Член 43

Способност и подготвеност за стручно усовршување и стекнување со нови знаења значи учество на стручни семинари и работилници во организација на Академијата за судии и јавни обвинители и други организации и асоцијации, учество како едукатор, ментор, предавач, во активностите на Здружението на јавните обвинители и лично ангажирање за надградба на сопствениот стручен и интелектуален капацитет, објавување на научни трудови и слично.

Член 44

Организаторски способности значи поседување способности за раководење со јавното обвинителство или одделенијата во јавното обвинителство и креирање на односи за успешно и ефикасно извршување и усовршување на целокупната работа во јавното обвинителство.

## 9. ПОСТАПКА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Член 45

Оценувањето на работата на јавните обвинители се врши со непосреден увид во предметното постапување, месечни извештаи, преку непосреден разговор со јавниот обвинител кој се оценува, разгледување на претставки, поплаки или пофалби за неговата работа што се регистрираат во професионалното досие за секој обвинител.

Член 46

(1) Оценката за работата на јавните обвинители се формира врз основа на податоците за следењето на работата и податоците од професионалното досие на јавниот обвинител, кои како критериуми утврдени со овој закон се изразени низ бодови определени со правилник.

(2) Составен дел на одлуката за оценка е и образец во кој се содржани критериумите утврдени со овој закон по кои е постапувано, кој го пропишува јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

(3) Цел на оценувањето е да се согледаат проблемите што ги има јавниот обвинител во вршењето на функцијата, да се разгледаат можностите за нивно надминување, како и за исполнување на критериумите за негово напредување.

Член 47

Со непосреден увид во предметното работење на јавните обвинители се утврдува:

-бројот на примени кривични пријави, предмети и поднесоци,
-бројот на решени кривични пријави и предмети во со закон предвиден рок.
-бројот на нерешени кривични пријави и предмети и причините за нивно нерешавање,
-квалитетот на постапувањето на јавниот обвинител, јавно обвинителските одлуки, придржување кон законските формулации, способност за писмено изразување и јасно и прецизно образложение на одлуките.

Член 48

Организаторската способност на јавните обвинители на јавните обвинителства, односно на раководителите на одделенијата во јавните обвинителства, како и нивната способност за градење углед и авторитет на јавното обвинителство и способност за воспоставување и одржување на коректни и здрави односи во истото, се утврдува со увид во уписниците од административно управен карактер, со непосредно извршен разговор со јавниот обвинител односно раководителот на одделението, увид во извештаите од извршените контроли и надзори над работењето на јавното обвинителство со кое раководи, како и годишните извештаи за ефикасноста во извршувањето на јавнообвинителската функција.

Член 49

Оценувањето на јавните обвинители се врши врз основа на шестмесечни и годишни извештаи, чија форма и содржина се утврдува со правилник што го донесува јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

Член 50

Начинот на бодување и износот на бодовите по одделни критериуми согласно член 46 ставот (1) од овој закон ќе бидат пропишани со Правилник донесен од јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

10. ПОСТАПКА ЗА ПОВТОРНО ОЦЕНУВАЊЕ

Член 51

Примерок од одлуката за оценка на работата на јавниот обвинител се доставува до Советот на јавните обвинители, до јавниот обвинител на кого се однесува оценката и до јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

Член 52

Доколку јавниот обвинител е незадоволен од оценката што ја добил, може да поднесе писмен приговор до Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката.

Член 53

(1) Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на приговорот е должен да донесе одлука по истиот.

(2) Пред да одлучи Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија може да изврши увид во работата на јавниот обвинител кој го поднел приговорот, да изврши разговор со него или со јавниот обвинител кој ја дал оценката.

(3) Доколку Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија оцени дека приговорот е основан, со одлуката ќе го задолжи јавниот обвинител што ја спровел постапката за оценување, да спроведе повторно оценување при што ќе му даде даде конкретни упатства по кои мора да постапи.

(4) На повторно дадената оценка, незадоволниот јавен обвинител има право на приговор во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката за повторно дадената оценка.

(5) По вториот приговор Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија донесува одлука со која го оценува јавниот обвинител.

(6) Одлуката на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија е конечна.

(7) Одуката по изјавениот приговор не може да биде понеповолна од првично дадената оценка.

11. ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА

Член 54

(1) Секое јавно обвинителство изготвува годишен извештај за својата работа.

(2) Пониското јавно обвинителство извештајот од ставот (1) на овој член го доставува до непосредно повисокото јавно обвинителство.

(3) Јавното обвинителство за организиран криминал и корупција и Специјалното јавно обвинителство извештајот од ставот (1) од овој член го доставуваат до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

(4) Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, изготвува единствен годишен извештај за работата на сите јавни обвинителства.

Член 55

(1) Јавниот обвинител на Република Северна Македонија годишниот извештај за работата на сите јавни обвинителства од членот 54 став (4) од овој закон и за состојбата со криминалитетот во Република Северна Македонија го поднесува до Собранието на Република Северна Македонија

(2) Извештајот од ставот (1) на овој член јавниот обвинител на Република Северна Македонија го доставува на разгледување до Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, а за запознавање го доставува и до Владата на Република Северна Македонија, Врховниот суд на Република Северна Македонија и Министерството за правда.

(3) Јавниот обвинител на Република Северна Македонија еднаш годишно поднесува извештај за посебни истражни мерки до Собранието на Република Северна Македонија со содржина утврдена со закон.

## 12. ОПШТИ ПИСМЕНИ УПАТСТВА

Член 56

(1) Јавниот обвинител на Република Северна Македонија има право да им дава општи писмени упатства со образложение на вишиот јавен обвинител на вишо јавно обвинителство, на јавниот обвинител на јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, на јавниот обвинител на специјалното јавно обвинителство и на основниот јавен обвинител на основно јавно обвинителство.

(2) Виш јавен обвинител има право да дава општи писмени упатства со образложение и на основните јавни обвинители од своето подрачје.

(3) Упатствата од ставовите (1) и (2) на овој член се однесуваат на преземање на одредени мерки и активности заради заштита на основните права и слободи на човекот и граѓанинот, заштита на јавниот интерес, за поефикасно откривање и гонење на кривични дела и нивните сторители, вложување на правни средства и примена на законите.

(4) Јавниот обвинител на Република Северна Македонија и јавните обвинители на јавните обвинителства не може да се донесуваат упатства и насоки кои се однесуваат на работата на конкретни предмети на јавните обвинители.

(5) За давањето на општите писмени упатства од ставот (2) на овој член, вишиот јавен обвинител е должен писмено да го извести јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

## 13. ДЕЖУРСТВА

### Член 57

(1) Заради непрекинато извршување на функцијата, во јавното обвинителство се организираат дежурства на јавните обвинители.

(2) Распоредот и времетраењето на дежурствата го определува јавниот обвинител на соодветното јавно обвинителство.

(3) Распоредот и времетраењето на дежурствата во Специјализираното одделение за гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција ги определува раководителот на Специјализираното одделение за секој започнат месец.

(4) Правилник за висината на надоместокот за дежурства донесува јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

## 14. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

### Член 58

(1) Јавното обвинителство на Република Северна Македонија во рамките на меѓународните договори ратификувани согласно Уставот и согласно законот за меѓународна соработка во кривична материја остварува непосредна соработка со јавни обвинителства и други надлежни органи од другите држави, особено на планот на спречување и гонење на организираниот криминал и други тешки форми на криминал преку непосредна размена на податоци, непосредна соработка, едукација, специјализација на кадри и други форми на соработка.

(2) Јавниот обвинител на Специјалното јавно обвинителство ќе бара меѓународна правна помош и соработка по прашања кои се во негова надлежност самостојно, согласно со закон и меѓународните договори ратификувани согласно Уставот.

(3) Начинот за предлагање, размена и упатување на јавен обвинител во институции, агенции, тела или канцеларии на Европската Унија или други меѓународни организации, институции, тела, мисии и проекти со правилник го пропишува министерот за правда.

15. ИНИЦИЈАТИВА ЗА ОЦЕНА НА УСТАВНОСТА И ЗАКОНИТОСТА

Член 59

(1) Јавниот обвинител на Република Северна Македонија пред Уставниот суд на Република Северна Македонија поднесува иницијатива за поведување постапка за оценување на согласноста на закон со Уставот и за согласноста на други прописи со Уставот и законите, ако прашањето за уставноста и законитоста се постави во работата на јавното обвинителство.

(2) Основните јавни обвинителства, вишите јавни обвинителства, Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и Специјалното јавно обвинителство го известуваат јавното обвинителство на Република Северна Македонија за прашања на уставноста и законитоста во нивната работа.

16. НАДЛЕЖНОСТИ ВО ДРУГИ ПОСТАПКИ

Член 60

Во граѓанската и други судски постапки, како и во управната постапка, јавниот обвинител презема правни дејствија за кои е овластен со закон.

17. ИМЕНУВАЊЕ И ИЗБОР НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

Член 61

(1) За јавен обвинител може да биде именувано, односно избрано лице кое ги исполнува следниве општи услови:
- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го владее македонскиот јазик,
- да е работоспособен и да има општа здравствена способност за што приложува лекарско уверение,
- да има завршени правни студии со стекнати 300 ЕКТС или VII/1 степен на образование од областа на правните науки или нострифицирана диплома од правни студии во странство за стекнати 300 кредити и
- да има положено правосуден испит во Република Северна Македонија.

Член 62

Посебни услови за избор на јавен обвинител на Република Северна Македонија, за јавен обвинител во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, за виш јавен обвинител на вишо јавно обвинителство, за јавен

обвинител во вишо јавно обвинителство, јавен обвинител на Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, јавен обвинител во Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, јавниот обвинител на Специјалното јавно обвинителство, јавен обвинител во Специјалното јавно обвинителство, основен јавен обвинител на основно јавно обвинителство и јавен обвинител во основно јавно обвинителство покрај условите од член 61 на овој закон се:

- за Јавен обвинител на Република Северна Македонија може да биде именувано лице кое има непрекинат работен стаж од најмалку 12 години како јавен обвинител или најмалку 15 години непрекинат работен стаж како судија или адвокат од областа на кривичното право,
- за јавен обвинител во јавното обвинителство на Република Северна Македонија може да биде избрано лице кој има непрекинат работен стаж од најмалку осум години во Вишо јавно обвинителство или во Специјалното јавно обвинителство или во Јавното обвинителство за гонење организиран криминал и корупција и кој е оценет со позитивна оценка во последните четири години,
- за виш јавен обвинител на вишо јавно обвинителство може да биде избрано лице кое има непрекинат работен стаж како јавен обвинител од најмалку осум години до моментот на пријавување за именување и кој е оценет со позитивна оценка во последните четири години,
- за јавен обвинител во вишо јавно обвинителство може да биде избрано лице кое има непрекинат работен стаж како јавен обвинител од најмалку шест години до моментот на пријавување за именување и кој е оценет со позитивна оценка во последните четири години,
- за јавен обвинител на јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција може да биде избрано лице кое има непрекинат работен стаж од најмалку 6 години како јавен обвинител до моментот на пријавување за именување и кој е оценет со позитивна оценка во последните три години,
-за јавен обвинител во Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција може да биде избрано лице кое има непрекинат работен стаж од најмалку 4 години како јавен обвинител до моментот на пријавување за именување и кој е оценет со позитивна оценка во последните две години,
- за јавниот обвинител на Специјалното јавно обвинителство може да биде избрано лице кое има непрекинат работен стаж од најмалку 8 години како јавен обвинител до моментот на пријавување за именување и кој е оценет со позитивна оценка во последните четири години,
- за јавен обвинител во Специјалното јавно обвинителство може да биде избрано лице кое има непрекинат работен стаж како јавен обвинител од најмалку 5 години до моментот на пријавување за именување и кој е оценет со позитивна оценка во последните четири години,
- за основен јавен обвинител на основно јавно обвинителство може да биде избрано лице кое има непрекинат работен стаж од најмалку 6 години стаж како јавен обвинител до моментот на пријавување за именување и кој е оценет со позитивна оценка во последните две години,
- за јавен обвинител во основно јавно обвинителство може да биде избрано лице

кое има завршено обука утврдена со закон на Академијата за судии и јавни обвинители.

Член 63

(1) Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, по предлог на Владата на Република Македонија, го именува Собранието на Република Северна Македонија за време од шест години со право на повторно именување.

(2) Јавните обвинители ги избира Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија без ограничување на траење на мандатот под услови и во постапка утврдени со закон.

(3) Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија дава мислење по предлогот на Владата на Република Северна Македонија за именување и разрешување на јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

Член 64

(1) Собранието на Република Северна Македонија на предлог на Владата на Република Северна Македонија го огласува именувањето на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија во „Службен весник на Република Северна Македонија" и во најмалку два дневни весника од кои еден од весниците што се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, најдоцна два месеца пред истекот на мандатот или веднаш по упразнувањето на местото. Јавниот обвинител на Република Северна Македонија е должен да ја извести Владата на Република Северна Македонија за истекот на мандатот најдоцна во рок од три месеци пред истекот на истиот.

(2) Рокот за поднесување на пријавите е 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

(3) Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, на барање на Владата на Република Северна Македонија во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето до Владата на Република Северна Македонија доставува образложено позитивно или негативно мислење во писмена форма за сите пријавени кандидати на огласот што ги исполнуваат условите согласно со закон.

(4) Владата на Република Северна Македонија до Собранието на Република Северна Македонија доставува предлог за именување на јавен обвинител на Република Северна Македонија од пријавените кандидати за кои Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија дал позитивно мислење. За кандидатот што ќе го предложи Владата за јавен обвинител на Република Северна Македонија, кон предлогот се доставува и мислењето од Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија.

(5) Ако Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија од оправдани причини во рокот од ставот (3) на овој член не достави мислење до Владата на Република Северна Македонија, рокот од ставот (3) на овој член се

продолжува уште за 15 дена. Ако и во овој рок Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија не достави мислење, се смета дека мислењето е позитивно.

(6) Ако Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија не даде позитивно мислење за ниту еден од пријавените кандидати Владата на Република Северна Македонија не може да утврди предлог за именување на јавен обвинител на Република Северна Македонија и ќе му предложи на Собранието да го повтори огласот од ставот (1) на овој член.

Член 65

(1) Виш јавен обвинител на вишо јавно обвинителство, јавен обвинител на Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, јавниот обвинител на Специјалното јавно обвинителство и основен јавен обвинител на основно јавно обвинителство ги избира Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија за време од четири години, од редот на избраните јавни обвинители со право на повторен избор.

(2) Јавните обвинители во јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и јавните обвинители во Специјалното јавно обвинителство ги избира Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија од редот на избраните јавни обвинители за време од четири години со право на повторен избор.

(3) Постапката за избор на виш јавен обвинител на вишо јавно обвинителство, јавен обвинител на јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, јавниот обвинител на Специјалното јавно обвинителство и основен јавен обвинител на основно јавно обвинителство започнува три месеци пред истекот на мандатот за кој се избрани.

(4) Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија со одлука го определува бројот на јавните обвинители во јавните обвинителства и ја спроведува постапката за избор и разрешување на јавните обвинители.

(5) Бројот на јавните обвинители во Специјалното јавно обвинителство го определува Советот на јавни обвинители по предлог на јавниот обвинител на Специјалното јавно обвинителство во зависност од потребите, сложеноста и обемот на работа.

Член 66

(1)При изборот на јавен обвинител не смее да се врши дискриминација во однос раса, боја на кожа, националност, етничко потекло, религија или уверување, ментална или телесна попреченост, пол, родов идентитет, сексуална ориентација и политичко уверување.

(2) При изборот на јавен обвинител, без да се нарушат критериумите утврдени со закон, ќе се применува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во Република Северна Македонија.

(3) За јавен обвинител не може да биде избрано лице кое со јавен обвинител од тоа обвинителство е во сродство во права линија или во странична линија до

четврти степен или е негов брачен другар, како и до втор степен по сватовска линија.

Член 67

(1) За јавен обвинител во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, во вишите јавни обвинителства, во Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и во Специјалното јавно обвинителство, Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија ќе избере лице со потврдени резултати во работата, способност за работење во сложени предмети, организациони способности за вршење на работата и способност за координација во работата, кое има стручни и професионални квалитети и кое ужива углед во вршењето на функцијата, врз основа на следниве критериуми:

1) стручното знаење, при што се земаат предвид специјалистичките, постдипломските студии и учеството во континуираната обука;

2) односот кон работата и навременост во извршувањето на работата како јавен обвинител;

3) способноста за стручно разрешување на правните прашања;

4) преземањето дополнителна работа при вршење на функцијата на јавен обвинител преку учество во изготвување на прописи, менторство, едукација и слично;

5) уживањето и чувањето на угледот на јавниот обвинител и јавното обвинителство, што се утврдува од начинот на комуникација со странките и другите органи, самостојноста, непристрасноста и доверливоста во извршувањето на функцијата на јавен обвинител и надвор од неа и

(2) Покрај критериумите од ставот (1) на овој член виш јавен обвинител на вишо јавно обвинителство, јавен обвинител на Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, јавниот обвинител на Специјалното јавно обвинителство и основен јавен обвинител на основно јавно обвинителство треба да поседуваат и организациони способности за вршење на работата.

Член 68

(1) Виш јавен обвинител на вишо јавно обвинителство, виш јавен обвинител во вишо јавно обвинителство, јавен обвинител на јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, јавните обвинители во Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, јавниот обвинител на Специјалното јавно обвинителство и јавни обвинители во специјалното јавно обвинителство и основен јавен обвинител на основно јавно обвинителство се избираат од редот на јавните обвинители во Република Северна Македонија, во постапка и на начин како што се врши избор на јавен обвинител во соодветното јавно обвинителство.

(2) Јавниот обвинител на Република Северна Македонија кој нема да биде повторно именуван продолжува да ја врши функцијата на јавен обвинител во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

(3) Вишиот јавен обвинител на вишо јавно обвинителство кој нема да биде повторно избран продолжува да ја врши функцијата на јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство.

(4) Јавниот обвинител на Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција кој нема да биде повторно избран Советот за јавни обвинители на Република Северна Македонија го распоредува за јавен обвинител во вишо јавно обвинителство доколку ги исполнува условите согласно овој закон или во јавното обвинителство од кое бил избран доколку не ги исполнува условите за јавен обвинител во вишо јавно обвинителство.

(5) Јавниот обвинител во Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал кој нема да биде повторно избран, Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија го распоредува за јавен обвинител во јавното обвинителство од кое бил избран.

(6) Јавниот обвинител на Специјалното јавно обвинителство кој нема да биде повторно избран Советот за јавни обвинители на Република Северна Македонија го распоредува за јавен обвинител во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

(7) Јавниот обвинител во Специјалното јавно обвинителство кој нема да биде повторно избран Советот за јавни обвинители на Република Северна Македонија го распоредува за јавен обвинител во јавното обвинителство од кое бил избран.

(8) Основниот јавен обвинител на основно јавно обвинителство кој нема да биде повторно избран, продолжува да ја врши функцијата на јавен обвинител во основното јавно обвинителство.

Член 69

(1) Јавниот обвинител пред стапувањето на функцијата јавен обвинител дава свечена изјава, која гласи:

"Изјавувам и се колнам дека во вршењето на функцијата јавен обвинител ќе го почитувам Уставот на Република Северна Македонија, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот, дека функцијата ќе ја вршам совесно, непристрасно и одговорно и дека ќе ги заштитувам слободите и правата на човекот и граѓанинот и интересите на другите правни субјекти".

(2) Кога дава свечена изјава јавниот обвинител носи тога.

(3) Јавниот обвинител на Република Северна Македонија свечената изјава ја дава пред претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, а јавните обвинители свечената изјава ја даваат поединечно пред Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија.

(4) Свечената изјава се дава на македонски јазик и се потпишува на македонски јазик и на неговото кирилско писмо.

(5) При давање и потпишување свечена изјава од страна на јавен обвинител припадник на заедницата кој зборува на службен јазик кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, се применуваат одредбите од законот со кој се регулира употребата на јазиците.

(6) Примерок од свечената изјава му се предава на именуваниот, односно избраниот јавен обвинител.

## 18.ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ

Член 70

(1) Јавен обвинител не може да биде притворен ниту повикан на одговорност за преземено дејствие, искажано мислење и донесување на одлука, освен ако во вршењето на функцијата јавен обвинител стори кривично дело.

(2) Јавен обвинител не може да биде притворен без одобрување на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија освен ако е затечен во вршење на кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку 5 години.

(3) Против јавен обвинител не може да се води постапка за надоместок на штета или друга постапка од страна на учесник во постапката кој е незадоволен од одлуката на јавниот обвинител.

(4) За штетата што јавниот обвинител во вршењето на функцијата ќе им ја причини на граѓаните или на правни лица со незаконита работа е одговорна Република Северна Македонија.

(5) Кога штетата од ставот (4) на овој член е сторена со умисла, поради која се поведува постапка за разрешување, Република Северна Македонија по пат на тужба може да бара од јавниот обвинител враќање на износот на исплатената штета од ставот (4) во висина што ќе ја утврди судот.

Членот 71

(1) Јавниот обвинител може да биде едукатор или да држи предавања на Академијата за судии и јавни обвинители, да изведува настава на високо образовните институции од јавно обвинителската област и да учествува во научни и стручни проекти од таа област.

(2) Јавен обвинител може да изведува настава на високо образовните институции од јавно обвинителската област и да учествува во научни и стручни проекти од таа област по претходно дадена согласност од Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, а Јавниот обвинител на Република Северна Македонија по претходно дадена согласност од Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија.

Член 72

(1) На јавен обвинител именуван или избран за член на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија или за судија или обвинител во меѓународна правосудна институција, судија на Уставниот суд на Република Северна Македонија или директор или заменик директор на Академијата за судии и јавни обвинители, функцијата јавен обвинител му мирува за време на вршење на функцијата за која е именуван или избран.

(2) Решение за мирување на функцијата јавен обвинител од ставот (1) на овој член донесува Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија.

(3) По истекот на мандатот од ставот (1) на овој член за кој е именуван или избран, јавниот обвинител има право во рок од пет дена да се врати во јавното обвинителство од кое бил избран на вршење на другата должност.

Член 73

(1) Годишниот одмор на јавните обвинители трае 30 работни дена.

(2)Јавниот обвинител ги ужива сите права од работен однос што му припаѓаат според закон.

Член 74

(1) Висината на платата и другите надоместоци на јавниот обвинител се уредуваат со закон.

(2) Платата на јавниот обвинител во време на траење на функцијата јавен обвинител не смее да се намали, освен во случаи определени со закон.

Член 75

(1) Кога јавниот обвинител по потреба на службата времено е упатен функцијата јавен обвинител да ја врши надвор од местото на живеење има право на надоместок за зголемени трошоци за неговото домување или надоместок на трошоци за превоз.

(2) Јавниот обвинител има право на надоместок за селидбени трошоци во случај од ставот (1) на овој член за него или за неговото семејство во случаите кога е избран или распореден во друго обвинителство.

(3) Јавниот обвинител на Република Северна Македонија ја утврдува висината и начинот на исплатата на надоместоците од ставовите (1) и (2) на овој член.

Член 76

(1) Јавниот обвинител кој нема сопствен стан во седиштето на јавното обвинителство има право на користење на соодветен службен стан.

(2) До остварувањето на правото од ставот (1) на овој член, јавниот обвинител има право на надоместок за зголемени трошоци за неговото домување или на надоместок на реални патни трошоци.

Член 77

(1) Јавниот обвинител има право и обврска на постојано стручно усовршување, за времетраење на функцијата во согласност со закон.

(2) Од средствата за работа на јавните обвинителства задолжително се издвојуваат средства за стручно усовршување на јавните обвинители.

(3) Заради поуспешно вршење на функцијата може да се врши специјализација на јавните обвинители.

(4) На јавен обвинител кој посетува постдипломски студии на право и на специјалистички студии на право во државата и во странство, може да му се додели стипендија.

(5) Средствата за стипендија се обезбедуваат од буџетот на јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

(6) Начинот на доделување стипендија го пропишува јавниот обвинител на Република Северна Македонија со правилник.

Член 78

(1) Јавниот обвинител има легитимација која ја издава и одзема Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија.

(2) Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија со акт ги пропишува формата и содржината на образецот на легитимацијата, начинот на нејзиното издавање и одземање.

Член 79

(1) Посебни права на јавниот обвинител во вршењето на функцијата се:

- пристап до класифицирани информации без сертификат
- да има право на дозвола за носење на оружје и набавка на соодветна муниција,
- да има посебна заштита за неговата личност, за семејството и имотот, по барање на претпоставениот јавен обвинител до полицијата во местото на живеење секогаш кога постојат сериозни причини за неговата безбедност и
- да има службена патна исправа.

(2) За посебните права од ставот (1) алинеи 2 и 4 на овој член поблиски прописи донесува јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

(3) Посебните права од ставот (1) алинеја 3 на овој член се однесуваат и за јавен обвинител во пензија.

Член 80

Јавните обвинители можат да основаат здружение, заради остварување и заштита на своите интереси и унапредување на професионалниот статус.

Член 81

(1) Јавниот обвинител се суспендира од вршењето на функцијата за време додека се наоѓа во притвор.

(2) Јавниот обвинител може да биде суспендиран од вршењето на функцијата за време додека трае кривична постапка против него или кога е поведена дисциплинска постапка.

(3) Одлука за  суспендирање на јавниот обвинител од функцијата во случаите од ставовите (1) и (2) на овој член донесува јавниот обвинител на Република Северна Македонија. Одлуката мора да содржи образложение на причините за суспендирање на јавниот обвинител од вршењето на функцијата.

(4) Против одлуката од ставот (3) на овој член јавниот обвинител има право на жалба до Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката.

Член 82

(1) Јавниот обвинител е должен да го чува угледот на функцијата што ја врши.

(2) Јавните обвинители и вработените во јавно обвинителската стручна служба се должни да го чуваат како тајна тоа што го дознале од странките за нивните правни и фактички односи во рамките на вршењето на службата и гарантираат за тајноста на податоците до кои јавноста нема пристап, а се однесува за податоци од личен карактер кои немааат влијание за вршењето на функцијата.

(3) Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, вишиот јавен обвинител на вишо јавно обвинителство, јавниот обвинител на Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, јавниот обвинител на Специјалното јавно обвинителство и основниот јавен обвинител на основното јавно обвинителство може јавен обвинител или вработените во јавно обвинителска стручна служба да ги ослободи од обврската за чување на класифицирана информација со соодветен степен на тајност утврдена согласно со закон.

(4) За ослободување од обврската од ставот (3) на овој член одлука донесува јавниот обвинител на Република Северна Македонија, а за јавниот обвинител на Република Северна Македонија одлука донесува Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија.

(5) Јавниот обвинител на Република Северна Македонија донесува Правилник за класифицирани информации.

Член 83

(1) Функцијата јавен обвинител е неспојлива со функцијата пратеник, член на советот на општина, односно на градот Скопје и со функции во државните органи, општината и градот Скопје.

(2) Јавниот обвинител не може да биде член на управен или надзорен одбор на трговско друштво или друго правно лице кое е основано заради стекнување на добивка.

Член 84

(1) Јавниот обвинител во врска со вршењето на функцијата јавен обвинител не смее да прима подароци, ветување за подарок или да користи други погодности и олеснувања.

(2) Во врска со работата на јавниот обвинител, не смеат да примаат подароци, ветување за подарок или друга корист и неговиот брачен другар и другите членови на семејството, роднините и другите лица кои живеат во заедница со јавниот обвинител.

Член 85

Јавниот обвинител пред судовите настапува во тога, чијшто изглед и начин на носење го пропишува јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

## 19. ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА И РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ

Член 86

(1) На јавниот обвинител на Република Северна Македонија функцијата му престанува:
- по сопствено барање,
- ако го изгуби државјанството на Република Северна Македонија,
- ако трајно ја загуби способноста за вршење на функцијата јавен обвинител,
- ако е избран или именуван на друга јавна функција, или
- ако е осуден со правосилна судска одлука на казна затвор во траење од најмалку шест месеци.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член престанокот на функцијата јавен обвинител на Република Северна Македонија го утврдува Собранието на Република Северна Македонија.

Член 87

(1) На јавниот обвинител функцијата му престанува:
- по сопствено барање,
- ако го изгуби државјанството на Република Северна Македонија,
- ако трајно ја загуби способноста за вршење на функцијата јавен обвинител,
- ако ги исполни условите за старосна пензија со право на продолжување согласно законот за работни односи,
-ако на негово барање и со негова согласност е избран или именуван на друга јавна функција, освен кога функцијата јавен обвинител мирува под услови утврдени со овој закон или
- ако е осуден со правосилна судска одлука на казна затвор во траење од најмалку шест месеца

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член престанокот на функцијата јавен обвинител го утврдува Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија

Член 88

(1) Владата на Република Северна Македонија, по претходно мислење од Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, до Собранието на Република Северна Македонија поднесува предлог за разрешување на јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

(2) Јавниот обвинител на Република Северна Македонија се разрешува од функцијата јавен обвинител пред истекот на мандатот:

- поради тешка дисциплинска повреда од членот 91 алинеи од 1 до 6 од овој закон ако повредата е сторена со намера или очигледна небрежност по вина на јавниот обвинител на Република Северна Македонија, без оправдани причини и ако повредата предизвикала тешки последици или

- ако е член во политичка партија.

(3) Иницијатива за разрешување на јавниот обвинител на Република Северна Македонија може да поднесе Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, во која ќе ги наведе причините, околностите и фактите од кои се раководел за поднесување на иницијативата.

(4) Владата на Република Северна Македонија предлогот за разрешување на јавниот обвинител на Република Северна Македонија го доставува до Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, кој е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на предлогот, до Владата на Република Северна Македонија да достави образложено позитивно или негативно мислење во писмена форма.

(5) На седницата на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија на која се расправа по предлогот на Владата на Република Северна Македонија за разрешување на јавниот обвинител на Република Северна Македонија не учествува јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

(6) Јавниот обвинител на Република Северна Македонија има право писмено да се произнесе по предлогот од ставот (1) на овој член.

(7) Владата на Република Северна Македонија со предлогот за разрешување задолжително го доставува до Собранието на Република Северна Македонија и мислењето од ставот (4) на овој член.

(8) Ако Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија од оправдани причини во определениот рок не достави мислење до Владата на Република Северна Македонија, рокот од ставот (4) на овој член се продолжува за уште 15 дена. Ако и во овој рок Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија не достави мислење, се смета дека не го поддржува предлогот на Владата на Република Северна Македонија.

(9) Јавниот обвинител на Република Северна Македонија има право да присуствува на седницата на Собранието на Република Северна Македонија и да

се произнесе по предлог на Владата на Република Северна Македонија за негово разрешување.

Член 89

(1) Јавниот обвинител во вршење на својата функција се разрешува:
- поради тешка дисциплинска повреда согласно член 91 од овој закон или
- ако е член во политичка партија.

(2) Јавниот обвинител се разрешува од својата функција согласно основите предвидени во членот 91 на овој закон ако:

- повредата е сторена со намера или очигледна небрежност по вина на јавниот обвинител, без оправдани причини и

- повредата предизвикала тешки последици.

(3) Предлогот за поведување на постапка за утврдување на одговорноста од ставот (1) на овој член се поднесува во рок од три месеци од денот на дознавањето, но не подолго од две години од денот кога повредата е сторена.

(4) Во случај на полесен облик на повреда на основите од став (1) на овој член, на јавниот обвинител може да му биде изречена дисциплинска мерка.

(5) Со денот на правосилност на одлуката за разрешување на јавниот обвинител од страна на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, според основите од ставот (1) на овој член, на јавниот обвинител му престанува правото на плата.
(6) Јавните обвинители се разрешуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, на седница на која присуствуваат најмалку две третини од вкупниот број членови.
(7) Јавниот обвинител на Специјалното јавно обвинителство се разрешува со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија.

20. ДИСЦИПЛИНСКИ ПОВРЕДИ

Член 90

Дисциплински повреди сторени од јавен обвинител се:
- Тешка дисциплинска повреда и
- Лесна дисциплинска повреда

Член 91

Тешка дисциплинска повреда се смета :

- потешка повреда на јавниот ред и мир и други посериозни форми на недолично однесување со која се нарушува угледот на јавното обвинителство и неговиот углед,

- ако одбие да поднесе изјава за имотна состојба и интереси согласно закон или ако податоците содржани во изјавата во голема мера се невистинити,

- очигледно прекршување на правилата за изземање во ситуации во кои јавниот обвинител знаел или требало да знае за постоење на некоја од основите за изземање предвидени со закон,

- ако со правосилна судска пресуда е осуден на пократка казна од 6 месеци затвор или друга кривична санкција за кривично дело кое е директен резултат на постапување во вршење на јавнообвинителската функција, намерно или со свесна небрежност или

- ако неовластено издава класифицирани информации, односно изнесува информации и податоци за судски предмети со што се повредува обврската за заштита на тајноста на постапката утврдена со закон и кога јавноста е исклучена согласно закон;

- ако намерно и неоправдано направи крупна професионална грешка, при што различното толкување на правото и фактите не може да претставува основ за утврдување на одговорност на јавниот обвинител,

-оневозможува вршење на надзор во неговото работење од страна на повисокиот јавен обвинител,

-без оправдани причини не постапува во предметите во пропишаните законски рокови и поради што значително се одолговлекува постапката или настапила застареност на кривичното гонење,

-ако без оправдани причини не ги зема во работа предметите по редоследот како што се примени,

-двапати последователно е оценет со негативна оценка, согласно постапка утврдена со закон или

-не постапува по задолжителните општи упатства на повисокиот јавен обвинител, кога тие се издадени согласно овој закон.

Член 92

Лесна дисциплинска повреда се смета:

- полесни повреди на јавниот ред или други полесни форми на недолично однесување со кое се нарушува угледот на јавното обвинителство и неговиот углед;

- неисполнување на менторски задолженија;

- повреда на правилата за отсуство од работа;

- пропушта да се јави или неоправдано доцни на закажаните расправи или седници пред судот;

- непосетување на задолжителните обуки или

- не носење судска тога за време на судењата.

## 21.ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА

Член 93

(1) Постапка за утврдување на одговорност на јавните обвинители за сторена дисциплинска повреда се спроведува по образложен предлог на јавниот обвинител на Република Северна Македонија за сите јавни обвинители и по образложен предлог на виш јавен обвинител на Вишо јавно обвинителство за основен јавен обвинител на Основно јавно обвинителство и за јавни обвинители во Основно јавно обвинителство, по службена должност или по добиено сознание за сторена повреда. Кон предлогот за поведување на дисциплинска постапка, подносителот е должен да достави докази за сторената дисциплинска повреда.

(2) Постапката за утврдување на одговорност на јавниот обвинител во вршење на јавнообвинителскта функција ја спроведува комисија од пет члена или нивни заменици од кои по еден од вишите јавни обвинителства и еден член од јавното обвинителство на Република Северна Македонија избрани од колегиумите од тие обвинителства. Член или заменик член на комисијата е должен да се изземе ако истиот се јавува како подносител на предлогот.

(3) Пред поведување на постапката комисијата по приемот на предметот, без одлагање, ќе побара од јавниот обвинител против кого е поднесен предлогот за поведување на постапката, писмено да се изјасни за наводите во предлогот во рок од пет дена по известувањето.

(4) Ако комисијата оцени дека не постои основано сомневање за сторена дисциплинска повреда од страна на јавниот обвинител ќе донесе заклучок со кој ќе се констатира дека нема да поведе постапка.

(5) Ако комисијата оцени дека предлогот е основан, ќе донесе решение за поведување на дисциплинска постапка.

(6) Јавниот обвинител против кого се води дисциплинска постапка има право да биде сослушан пред Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност во присуство на бранител, како и да предлага докази во своја корист.

(7) Ако комисијата со мнозинство гласови од вкупниот број на членови утврди дека е сторена дисциплинска повреда ќе донесе решение и ќе изрече една од пропишаните санкции од член 95 од овој закон.

(8) При спроведување на гласањето за видот на дисциплинска мерка, членовите на Комисијата гласаат почнувајќи од потешките кон полесните.

(9) Со донесување на одлука за изрекување на дисциплинска мерка гласањето се прекинува.

(10) Доколку по гласањето за секоја од дисциплинските мерки, за ниедна не е донесена одлука со мнозинство од вкупниот број членови на Комисијата, гласањето не се повторува, освен ако на истата седница не е поднесен предлог од вкупниот број членови за повторување на гласањето за една од мерките.

(11) Доколку мнозинството членови на Комисијата сметаат дека во текот на

постапката се утврдени докази за постоење на некоја од законските основи за разрешување на јавен обвинител, можат да предложат разрешување до Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија.

Член 94

(1) По жалба на одлуката на Комисијата од членот 93 ставот (2) на овој закон одлучува Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, кој може да ја укине, преиначи или потврди одлуката на комисијата.
(2) Одлука за разрешување на јавен обвинител донесува Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија во постапка утврдена со закон.
(3) Одлука за разрешување на јавен обвинител донесува Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија со мнозинство гласови од вкупниот број членови.
(4) Одлука за разрешување на јавниот обвинител на Специјалното јавно обвинителство донесува Советот на јавните обвинители на Република Северна Север Северна на Македонија со двотретинско мнозинство од вкупниот број на членови.
(5) Против одлуката на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија со која е изречена мерка разрешување на функцијата, јавниот обвинител има право да поведе спор пред надлежен суд.
(6) Правилникот за начинот на спроведување на постапката за утврдување на одговорност на јавниот обвинител, по предлог на јавниот обвинител на Република Северна Македонија, го донесува Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија.

22. ДИСЦИПЛИНСКИ МЕРКИ

Член 95

(1) За утврдена лесна дисциплинска повреда на јавен обвинител, може да се изрече една од наведените дисциплински мерки:
- писмена опомена,
- намалување на платата до 15% од месечната плата на јавниот обвинител во траење од еден до шест месеци.

(2) За утврдена тешка дисциплинска повреда на јавен обвинител може да се изрече една од наведените дисциплински мерки:
- намалување на платата во висина од 15% до 30% од месечната плата на јавниот обвинител во траење од еден до шест месеци и

- разрешување.

Член 96

Јавен обвинител кој е разрешен од функцијата, остварува права по основ на работа под услови и во постапка утврдени со закон.

## 23.ЈАВНООБВИНИТЕЛСКИ СОВЕТНИЦИ И СОРАБОТНИЦИ

Член 97

(1) Во Јавното обвинителство за вршење на стручни работи поврзани со вршење на јавнообвинителската функција има самостојни јавнообвинителски советници, виши јавнообвинителски советници, јавнообвинителски советници, виши стручни јавнообвинителски соработници, стручни јавнообвинителски соработници и помлади јавнообвинителски соработници со стекнати најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 правни науки, и ги исполнуваат општите услови определени со закон за засновање на работен однос.

(2)Оценка за нивната работа дава јавниот обвинител на јавното обвинителство во кое имаат засновано работен однос.

(3)Во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија има самостојни јавнообвинителски советници кои покрај општите услови од став 1 на овој член, потребно е да имаат најмалку 8 години работно искуство на правни работи по положен правосуден испит, виши јавнообвинителски советници, кои покрај општите услови од став 1 на овој член, потребно е да имаат најмалку 6 години работно искуство на правни работи по положен правосуден испит, јавнообвинителски советници, кои покрај општите услови од став 1 на овој член, потребно е да имаат најмалку 4 години работно искуство на правни работи по положен правосуден испит и виши стручни јавнообвинителски соработници, кои покрај општите услови од став 1 на овој член, потребно е да имаат најмалку 2 години работно искуство на правни работи по положен правосуден испит.

(4)Во вишите јавни обвинителства, јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и специјалното јавно обвинителство има самостојни јавнообвинителски советници кои покрај општите услови од став 1 на овој член, потребно е да имаат најмалку 8 години работно искуство на правни работи по положен правосуден испит, виши јавнообвинителски советници, кои покрај општите услови од став 1 на овој член, потребно е да имаат најмалку 6 години работно искуство на правни работи по положен правосуден испит, јавнообвинителски советници, кои покрај општите услови од став 1 на овој член, потребно е да имаат најмалку 4 години работно искуство на правни работи по положен правосуден испит, виши стручни јавнообвинителски соработници, кои покрај општите услови од став 1 на овој член, потребно е да имаат најмалку 2 години работно искуство на правни работи по положен правосуден испит и

стручни јавнообвинителски соработници кои покрај општите услови од став 1 на овој член, потребно е да имаат положен правосуден испит.

(5) Во основните јавни обвинителства има виши јавнообвинителски советници, кои покрај општите услови од ст.1 на овој член, потребно е да имаат најмалку 5 години работно искуство на правни работи по положен правосуден испит, јавнообвинителски советници, кои покрај општите услови од став 1 на овој член, потребно е да имаат најмалку 4 години работно искуство на правни работи по положен правосуден испит, виши стручни јавнообвинителски соработници, кои покрај општите услови од став 1 на овој член, потребно е да имаат најмалку 2 години работно искуство на правни работи по положен правосуден испит, стручни јавнообвинителски соработници кои покрај општите услови од став 1 на овој член, потребно е да имаат положен правосуден испит и помлади јавнообвинителски соработници.

Член 98

(1) Правилник за систематизација на работните места на јавнообвинителски советници и соработници, како и одлука за нивниот број, донесува јавниот обвинител на Република Северна Македонија, а за Специјалното јавно обвинителство по предлог на јавниот обвинител на Специјалното јавно обвинителство.

(2) Правилник за систематизација на работните места на јавнообвинителски советници и соработници, како и одлука за нивниот број за Специјалното јавно обвинителство донесува јавниот обвинител на Република Северна Македонија по предлог на јавниот обвинител на Специјалното јавно обвинителство.

24. СРЕДСТВА ЗА РАБОТА

Член 99

(1) Средствата за работа на јавното обвинителство се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

(2) Средствата за работа на јавните обвинителства се обезбедуваат во Буџетот на Република Северна Македонија преку буџетскиот корисник - Јавно обвинителство на Република Северна Македонија.

(3) Средства за работење на Специјалното јавно обвинителство се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија преку буџетскиот корисник Специјално јавно обвинителство.

(4) Износот на средствата од ставовите (2) и (3) на овој член се обезбедува во висина која овозможува редовно извршување на сите функции на јавното обвинителство.

(5) Висината на средствата за работа на јавното обвинителство од ставот (2) од овој член се утврдува врз основа на предлог на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија кој го доставува до Министерството за финансии. Средствата од овој став се утврдуваат врз основа на фискалната политика и главните

категории за проценетите приходи и расходи и буџетскиот циркулар утврден од Владата на Република Северна Македонија за наредната буџетска година и внатрешните критериуми и методологија утврдени од јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

(6) Предлогот за обезбедување на средства за работа од ставовот (2) на овој член содржи процена за редовните и вонредните работи кои ги врши јавното обвинителство, потребниот број на јавни обвинители и јавнообвинителски службеници, како и други показатели кои се битни за утврдување на предлогот за утврдување на износот на средства потребни за работа на јавното обвинителство.

(7) Пред доставувањето на предлогот на Буџетот на Република Северна Македонија до Владата на Република Северна Македонија, министерот за финансии задолжително го усогласува делот на средствата за финансирање на јавното обвинителство со јавниот обвинителна Република Северна Македонија. Доколку не се постигне согласност, Министерството за финансии доставува извештај кој го доставува до Владата на Република Северна Македонија и до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, а Јавното обвинителство на Република Северна Македонија до Владата на Република Северна Македонија доставува мислење по извештајот на Министерството за финансии.

(8) Јавниот обвинител на Република Северна Македонија го застапува и презентира делот на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за финансирање на јавното обвинителство од ставот (2) од овој член, на седницата на Владата на Република Северна Македонија кога се усвојува предлогот на Буџетот на Република Северна Македонија и пред работните тела и на седницата на Собранието на Република Северна Македонија кога се донесува Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 100

(1) Висината на средствата за работа на Специјалното јавно обвинителство се утврдува врз основа на предлог на буџет и финансиски план на јавниот обвинител на Специјалното јавно обвинителство кој го доставува до Министерството за финансии.

(2) јавниот обвинител на Специјалното јавно обвинителство ќе го изработи предлогот од ставот (1) од овој член, имајќи го во предвид буџетот на Специјалното јавно обвинителство за претходната година.

(3) Владата на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија се должни да обезбедат финансиски средства за непречена работа на Специјалното јавно обвинителство согласно предлогот од став (1) од овој член.

(4) Владата и Собранието не можат да го менуваат финансискиот план од ставот (1) од овој член.

(5) јавниот обвинител на Специјалното јавно обвинителство може да поднесе дополнителни барања за финансирање на зголемени активности во работата.

(6) Платата на јавниот обвинител на Специјалното јавно обвинителство се определува во висина од 5% пониска од платата на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

(7) Платата на јавните обвинители во Специјалното јавно обвинителство се определува во висина на плата на јавен обвинител на вишо јавно обвинителство.

(8) Јавниот обвинител на Специјалното јавно обвинителство, јавните обвинители во Специјалното јавно обвинителство и истражителите во Специјалното јавно обвинителство имаат право на додаток за посебните услови за работа, додаток за постоење на висок ризик и додаток за доверливост.

(9) Платите и другите надоместоци на вработените во јавнообвинителската стручна служба во Специјалното јавно обвинителство се регулираат со закон и колективен договор.

Член 101

(1) Јавното обвинителство на Република Северна Македонија врши распределба на средствата одобрени на буџетскиот корисник - Јавно обвинителство на Република Северна Македонија по обвинителства, годишно и месечно, врз основа на мерила и критериуми.

(2) Средствата за работа на јавните обвинителства и на Специјалното јавно обвинителство се состојат од средства за плати и надоместоци на јавните обвинители, за плати и надоместоци на јавнообвинителските службеници и другите вработени во јавното обвинителство, за други трошоци во врска со извршување на јавнообвинителската функција, за стоки и услуги, за трошоци во постапката вклучително и за консултации и мислења од стручни лица, за стручно усовршување на јавните обвинители, јавнообвинителските службеници и другите вработени во јавното обвинителство; за меѓународна соработка, трошоци на постапка, за набавка на капитални средства и за инвестиционо одржување на објектите и опремата на јавните обвинителства.

Член 102

Платите и другите надоместоци на јавнообвинителските службеници и другите вработени во јавното обвинителство, се определуваат со закон и колективен договор.

Член 103

(1) Просторните услови, материјалните средства, опремата и другите услови за работа на јавните обвинителства ги обезбедува Владата на Република Северна Македонија.

(2) Владата на Република Северна Македонија на предлог на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија донесува Програма со определена висина на средства за изградба, реконструкција, одржување на објектите и опремувањето на јавните обвинителства и ја утврдува нивната поблиска намена.

(3) За реализацијата на Програмата од ставот (2) на овој член се грижи Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Член 104

(1) Во Јавните обвинителства се формира информатички систем како дел од единствениот информатички центар со база на податоци за правосудните органи во Република Северна Македонија.

(2) Јавното обвинителство на Република Северна Македонија се грижи за одржувањето на единствената методолошка и технолошка основа на информатичкиот систем на јавните обвинителства.

## 25. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 105

Со денот на влегувањето во сила на овој закон:

1). Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите чијашто надлежност е уредена со Законот за јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите (Службен весник на Република Македонија бр.159/15) продолжува да работи како Специјално јавно обвинителство.

2). Специјалното јавно обвинителство продолжува да ја врши својата надлежност претходно определена со Законот за јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите и определена во член 34 став (1) алинеја 1 во овој закон на следниот начин:

-Предметите на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите за кои се поднесени обвиненија до 30 јуни 2017 година, како и предметите кои се наоѓаат во фаза на судење врз кои е воспоставена надлежност согласно член 11 од Законот за јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, продолжува да ги застапува Специјалното јавно обвинителство;

- Обвиненијата покренати по 30 јуни 2017 година и истражните постапки што ги спроведува Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на

комуникациите до влегувањето во сила на овој закон продолжува да ги спроведува Специјалното јавно обвинителство; и

- Претходните постапки што ги спроведува Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите до влегувањето во сила на овој закон ќе ги продолжи јавното обвинителство во чија надлежност спаѓаат согласно членовите 32 и 34 од овој закон.

3). Во постапувањето по кривичните дела кои се поврзани и произлегуваат од неовластеното следење на комуникациите за периодот од 2008 до 2015 година во кои се користат материјалите од незаконското следење на комуникациите, јавните обвинители во Специјалното јавно обвинителство немаат право да носат одлуки за спроведување и запирање на истражна постапка, подигање и откажување од обвинение и решенија за отфрлање на кривичните пријави, а имаат право да носат други одлуки во врска со предметите и за застапуваат пред надлежните судови.

4). Материјалите од незаконското следење на комуникациите Специјалното јавно обвинителство може да ги обработува најдоцна до 15.09.2020 година и истите може да се користат како доказ само во предметите за кои се поднесени обвиненија до 30 јуни 2017 година. Материјалите од незаконското следење на комуникациите кои не се дадени како докази во судовите ќе се чуваат во Специјалното јавно обвинителство една година по правосилното завршување на сите постапки што се водат за кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, а ќе бидат уништени согласно одредбите за уништување на материјалите од посебните истражни мерки, согласно закон. Записниците за уништување задолжително се доставуваат до јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

5). Специјалното јавно обвинителство ќе започне да ја воспоставува својата надлежност, определена во член 34 став (1) алинеи 2, 3, 4 и 5 од овој закон, во рок од 90 дена по влегување во сила на овој закон за тековни предмети што се водат пред јавните обвинителства освен врз предметите каде е донесена наредба за спроведување на истражна постапка или е поднесено обвинение во кои постапки продолжуваат со постапувањето јавните обвинителства кои ја започнале кривичната постапка.

6). Јавниот обвинител за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластеното следење на комуникациите продолжува да ја врши функцијата како јавниот обвинител на Специјалното јавно обвинителство уште една година по влегување во сила на овој закон.

7). Јавните обвинители кои му помагаат на Јавниот обвинител за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластеното следење на комуникациите, по влегување на сила на овој закон, продолжуваат да ја вршат функцијата како јавни обвинители во Специјалното јавно обвинителство најмногу уште две години по влегување во сила на овој закон.

8). Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија по истекот на шест месеци од влегување во сила на овој закон избира четири јавни обвинители во Специјалното јавно обвинителство. Со денот на избор на четворицата нови јавни обвинители во Специјалното јавно обвинителство, Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија констатира престанок на мандатот на четворица од јавните обвинители од точка 7 од овој член. По истекот на 12 месеци од влегување во сила на овој закон Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија избира четири јавни обвинители во Специјалното јавно обвинителство. Со денот на избор на четворицата нови јавни обвинители во Специјалното јавно обвинителство, Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија констатира престанок на мандатот на четворица од јавните обвинители од точка 7 од овој член. По истекот на 18 месеци од влегување во сила на овој закон Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија избира четири јавни обвинители во Специјалното јавно обвинителство. Со денот на избор на четворицата нови јавни обвинители во Специјалното јавно обвинителство, Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија констатира престанок на мандатот на четворица од јавните обвинители од точка 7 од овој член. При изборот на јавните обвинители во Специјалното јавно обвинителство согласно оваа точка од членот 105 од овој закон, Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија особено води сметка за покажаните резултати во досегашната работа на пријавените кандидати за јавни обвинители во Специјалното јавно обвинителство.

9). На јавните обвинители од точките 6 и 7 од овој член им припаѓаат сите права од овој закон кои се утврдени за јавниот обвинител на Специјалното јавно обвинителство и јавните обвинители во Специјалното јавно обвинителство.

10). На јавните обвинители од точките 6 и 7 од овој член, стажот поминат во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, им се смета за стаж поминат во Специјалното јавно обвинителство.

11). Работниот однос на вработените во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластеното следење на комуникациите со денот на влегувањето во сила на овој закон им се трансформира во работен однос на неопределено време и ги задржуваат предходно стекнатите звања и работни места.

12). Истражителите што се доделени на Јавниот обвинител за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластеното следење на комуникациите врз основа на наредба согласно член 50 од Законот за кривична постапка (“Службен весник на Република Македонија” бр. 15/97, 44/02, 74/02, 83/08, 67/09 и 51/11) продолжуваат да ги вршат своите активности во Специјалното јавно обвинителство.

13). Со денот на влегување во сила на овој закон архивата, материјалните средства и опремата кои ги користи и поседува Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите преминуваат како материјални средства и опрема на Специјалното јавно обвинителство со право да ги користи и да располага со истите.

Член 106

За сите други права и обврски за советниците и соработниците во јавното обвинителство, кои што не се уредени со овој закон, ќе се применуваат одредбите на Законот за јавнообвинителска служба.

Член 107

(1) Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, јавните обвинители на вишите јавни обвинителства, јавниот обвинител на јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, јавните обвинители на основните јавни обвинителства и јавните обвинители во јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција продолжуваат да ја вршат својата функција до завршување на мандатот за кој се избрани.

(2) Под потребен непрекинат стаж за јавен обвинител утврден како посебен услов за именување, односно избор за јавен обвинител согласно со член 62 од овој закон, се смета, стажот стекнат како заменик јавен обвинител, исто како и времето додека функцијата јавен обвинител била во мирување, согласно член 72 од овој закон.

Член 108

(1) Јавниот обвинител на Република Северна Македонија во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе ги донесе подзаконските акти предвидени со овој закон.

(2) Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе ги донесе подзаконските акти предвидени со овој закон.

(3) До влегувањето во сила на подзаконските акти од ставовите (1) и (2) на овој член ќе се применуваат подзаконските акти донесени пред денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 109

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат Законот за Јавното обвинителство ("Службен весник на Република Македонија" број 150/07, 111/08 и 198/18) и Законот за Јавно обвинителство за гонење на

кривични дела поврзани и кои произлегуваат од незаконското следење на комуникациите („Службен весник на Република Македонија“ број 159/15).

Член 110

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ
ЗА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО, ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Предлог - законот за јавното обвинителство содржи 110 члена структурирани во 25 глави.

Во Првата глава се дадени општите одредби каде што се пропишува предметот на уредување на овој закон. Исто така, во оваа глава е пропишано дека јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични дела и на други со закон утврдени казниви дела и врши и други работи утврдени со закон.

Во Втората глава е уредена организацијата на јавното обвинителство. Имено, јавното обвинителство е организирано како Јавното обвинителство е организирано како Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, виши јавни обвинителства и основни јавни обвинителства, Јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и Специјално јавно обвинителство.

Во Третата глава се регулира материјата за стручниот колегиум на јавното обвинителство. Имено, стручниот колегиум е постојано стручно и советодавно тело во остварување на функцијата на јавниот обвинител во јавните обвинителства со повеќе од три јавни обвинители. Колегиумот го сочинуваат јавниот обвинител на јавното обвинителство и јавните обвинители во јавното обвинителство.

Во оваа глава се уредени и надлежностите на стручниот колегиум.

Вршењето на функцијата на јавното обвинителство е уредено во Четвртата глава од овој закон. Така, функцијата на во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија ја врши јавниот обвинител на Република Северна Македонија и јавните обвинители во тоа обвинителство. Функцијата на јавното обвинителство во вишото јавно обвинителство ја врши виш јавен обвинител на вишото јавно обвинителство и јавни обвинители во тоа обвинителство. Функцијата на јавното обвинителство во Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција ја врши јавен обвинител на јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и јавни обвинители во тоа обвинителство. Функцијата на јавното обвинителство во Специјалното јавно обвинителство ја врши јавниот обвинител на Специјалното јавно обвинителство и јавни обвинители во тоа обвинителство. Функцијата на јавното обвинителство во основното јавно обвинителство ја врши основен јавен обвинител на основното јавно обвинителство и јавни обвинители во тоа обвинителство. Јавниот обвинител на Република Северна Македонија на барање на јавниот обвинител на Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција или на јавниот обвинител на Специјалното јавно обвинителство, може да овласти јавен обвинител во основно

јавно обвинителство да презема определени дејствија заради побрзо и поефикасно извршување на дејствијата.

Во Петтата глава се уредува материјата за преземањето на кривично гонење. Имено, во членот 29 е пропишано дека Јавниот обвинител на Република Северна Македонија одлучува во случај на судир на надлежност меѓу две или повеќе јавни обвинителства. Јавниот обвинител на Република Северна Македонија може да го преземе кривичното гонење и вршењето на одделни работи за кои е надлежен виш јавен обвинител, јавен обвинител за гонење организиран криминал и корупција или основен јавен обвинител или да ги овласти да водат постапка по одделни предмети или да вршат определени работи од надлежност на друг јавен обвинител. Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, без согласност на јавниот обвинител на Специјалното јавно обвинителство, не може да преземе кривично гонење или вршење на одделни работи за кои е надлежно Специјалното јавно обвинителство, или да овласти друго јавно обвинителство да води постапка по одделни предмети или да врши определени работи од надлежност на јавниот обвинител на Специјалното јавно обвинителство, освен ако при надзорот од член 28 од овој закон се утврди дека јавнообвинителската функција не се врши согласно роковите утврдени во Законот за кривична постапка. Виш јавен обвинител може да го преземе кривичното гонење и вршењето на одделни работи за кои е надлежен јавен обвинител во основно јавно обвинителство од подрачјето на тоа вишо јавно обвинителство или да овласти јавен обвинител во основно јавно обвинителство од подрачјето на тоа вишо јавно обвинителство да води постапка по одделни предмети или да врши определени работи од надлежност на друг основен јавен обвинител. Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, односно вишиот јавен обвинител за дејствијата од ставовите од овој член донесуваат писмена одлука која содржи образложение за преземените дејствија.

Надлежностите на јавното обвинителство се уредени во Шестата глава. Така, јавното обвинителство постапува во границите на својата стварна и месна надлежност, ако со закон поинаку не е определено. Основното јавно обвинителство постапува пред основен суд. Вишото јавно обвинителство постапува пред апелационен суд. Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција постапува пред специјализираното судско одделение надлежно за судење на дела од областа на организираниот криминал и корупција, во Кривичниот суд Скопје. Специјалното јавно обвинителство постапува пред надлежните судови во прв и втор степен. Јавниот обвинител на Република Северна Македонија одлучува по жалба на оштетениот поднесена против решението за отфрлање на кривичната пријава на јавниот обвинител на Специјалното јавно обвинителство и по приговор на оштетениот против наредба за запирање на истражна постапка. Јавното обвинителство на Република Северна Македонија постапува пред Врховниот суд на Република Северна Македонија. Јавното обвинителство постапува и пред други органи и други правни лица на своето подрачје кога за тоа е овластено со закон.

Во Седмата глава е уредена материјата за уценување на работата на јавните обвинители. Во тој контекст, пропишано е дека Следењето на работата на јавен обвинител се врши преку редовно и вонредно оценување. Оценувањето на работата на јавните обвинители се врши за период од четири извештајни години,

заклучно со крајот на јуни во тековната година, за работата на јавниот обвинител во претходните четири години.

Критериумите за оцена на јавните обвинители се дадени во Осмата глава и тоа се:

- стручност и квалитет во одлуките, правните лекови и други писмена,
- ажурност и ефикасност,
- непристрасност и совесност,
- углед и етичност достојни за функцијата,
- соработка и однос спрема странките и другите вработени во обвинителството,
- способност и спремност за стручно усовршување и стекнување со нови знаења,
- организаторски способности.

Начинот и постапката за оценување на јавните обвинители се пропишани во Деветтата глава. Имено, оценувањето на работата на јавните обвинители се врши со непосреден увид во предметното постапување, месечни извештаи, преку непосреден разговор со јавниот обвинител кој се оценува, разгледување на претставки, поплаки или пофалби за неговата работа што се регистрираат во професионалното досие за секој обвинител.

Во Десеттата глава уредена е постапката за повторно оценување.

Во единаесеттата глава е уредена материјата за извештајот за работа на јавното обвинителство. Имено, секое јавно обвинителство изготвува годишен извештај за својата работа. Пониското јавно обвинителство извештајот го доставува до непосредно повисокото јавно обвинителство. Јавното обвинителство за организиран криминал и корупција и Специјалното јавно обвинителство извештајот го доставуваат до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија. Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, изготвува единствен годишен извештај за работата на сите јавни обвинителства.

Прашањата за општите писмени упатства и за дежурствата се уредени во главите 12 и 13, додека материјата за меѓународната соработка, иницијативите за оцена на уставноста и законитоста и надлежностите во другите постапки се уредени во главите 14, 15 и 16.

Во главата 17 е уредена материјата за именување и избор на јавни обвинители. Така, во членот 61 се пропишани општите услови за избор на јавен обвинител и тоа: За јавен обвинител може да биде именувано, односно избрано лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го владее македонскиот јазик,
- да е работоспособен и да има општа здравствена способност за што приложува уверение,
- да има завршени правни студии со стекнати 300 ЕКТС или VII/1 степен на образование од областа на правните науки или нострифицирана диплома од правни студии во странство за стекнати 300 кредити и
- да има положено правосуден испит во Република Северна Македонија.

Во членот 62 се пропишани посебните услови за избор на јавен обвинител.

Во главата 18 се уредени прашањата за правата и обврските за јавните обвинители, а во главата 19 материјата за престанок на функцијата и разрешување на јавните обвинители. Така, на јавен обвинител му престанува функцијата
- по сопствено барање,
- ако го изгуби државјанството на Република Северна Македонија,
- ако трајно ја загуби способноста за вршење на функцијата јавен обвинител,
- ако ги исполни условите за старосна пензија со право на продолжување согласно законот за работни односи,
-ако на негово барање и со негова согласност е избран или именуван на друга јавна функција, освен кога функцијата јавен обвинител мирува под услови утврдени со овој закон или
- ако е осуден со правосилна судска одлука на казна затвор во траење од најмалку шест месеца

Во главата 20 се дефинирани дисциплинските повреди, и тоа тешките и лесните дисциплински повреди.

Во главата 21 е уредена дисциплинската постапка, а во главата 22 дисциплинските мерки. Согласно член 95 во законот се предвидени следниве дисциплински мерки, и тоа: за утврдена лесна дисциплинска повреда на јавен обвинител, може да се изрече една од наведените дисциплински мерки:
- писмена опомена,
- намалување на платата до 15% од месечната плата на јавниот обвинител во траење од еден до шест месеци.

Во истиот член е пропишано дека за утврдена тешка дисциплинска повреда на јавен обвинител може да се изрече една од наведените дисциплински мерки:
- намалување на платата во висина од 15% до 30% од месечната плата на јавниот обвинител во траење од еден до шест месеци и
- разрешување.

Во главата 23 е уредена материјата за јавно обвинителски советници и соработници, додека во главата 24 се уредени прашањата за финансирањето на јавното обвинителство.

Преодните и завршните одредби се уредени во главата 25 од овој закон.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во овој Предлог на закон се во тесна поврзаност со Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија и Законот за Јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од незаконското следење на комуникациите.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со наведените решенија ќе се зајакне професионалноста и одговорноста на јавните обвинители.